## Автопортрети - прв дел, на авторите Керол Чо и Марко Георгиев

# ФИЗИЧКИ АРТ ПОВРЕДИ

*Во галеријата CIX во тек е изложбата Автопортрети - дел прв, на Керол Чо од Њујорк и Марко Георгиев од Скопје. Насловот на концептот, кој може да оди во продолженија, е оксиморон - портретирање на моделот, а не класичен автопортрет. Темата, пак, предизвика внимание и контроверзи кај скопската арт-публика. Се работи за модринки, пресеченици, гребаници.*



Гребаница 1



Модрица 3

**форум: Во неколку од вашите последни проекти настапувате комбинирано и заедно. Колку вашите ставови се разликуваат или се разминуваат?**

●Чо: Многу е важно да најдеш некого кој ќе се согласи со твоите погледи или, пак, некој кој не се согласува, но кој е подготвен целосно да ги поддржи твоите идеи. Со Марко се согласуваме не само во идеите или во зборовите, туку и околу визуелниот ефект.

●Георгиев: Веќе година и половина работиме заедно на овој проект, и проектите што ги работиме се смислени да се направат, и тоа исклучиво заеднички. Постои оној генерален став дека главниот уметник е оној кој го притиснал копчето на фотоапаратот или работел со четкичката. Во Автопортрети работиме двајцата.

**Во првиот дел на овој проект, темата е Керол, односно фотографското забележување на моментите на повредување и на самоповредување на нејзината кожа. Дали за вас овие моменти имаат само физичка или и психичка трага?**

●Чо: Се гледав еден ден во огледало и сфатив дека немам совршена кожа и се фасцинирав од несовршеноста. Овие моменти се дел од животот, од ден на ден, и се намерно предизвикани (во безнадежност, несреќа), а многу од нив се од невнимание (сопнување, паѓање). Знам дека тие еден ден физички и видливо ќе исчезнат, ќе поминат, а на нивно место или на некое друго ќе се појават нови. Но, некои од нив ќе останат засекогаш. Овие повреди се еден вид дневник. Сите имаат свое едноставно име: модрици, посекотини, гребаници и имаат свој датум на појавување.

●Георгиев: Ваквиот тип уметност има и терапевтска намена. Преку ваквиот приод на психолошкиот проблем, човекот всушност се лекува. Кога проблемите ќе се видат од другата страна, ќе може да се увиди и големината на проблемот.

**Дури и вака, уметничко претставување на физичките повреди не остава пријатно чувство кај публиката.**

●Чо: Марко прекрасно ме фотографираше, на многу задоволувачки естетски начин. Што се однесува до реакциите на публиката, според мене успешна уметност е онаа на којашто 50 проценти од публиката гледаат со омраза и не ја прифаќаат, а за преостанатите 50 проценти е допадлива и прифатлива. Генерално, јас не сакам да правам нешто што ќе биде задоволувачки за широк круг на публиката, туку да го работам она што луѓето често нема да го гледаат со задоволство. Сметам дека голем дел од сегашната уметност е убав за гледање и лесен за прифаќање и дека луѓето не сакаат да гледаат уметност којашто е одвратна, шокантнта или радикална, туку уметност којашто најчесто се става под тепихот и сите се преправаат дека таа воопшто и не постои. Затоа сакам да им го фрлам тоа в лице, за да не го негираат и понатаму. Во уметноста не може сè да биде пријатно и комерцијално, затоа што животот не е таков. Со оваа изложба сакаме на публиката да ѝ оставиме впечаток дека овој проект нема да застане, дека е ова проект што продолжува. Во следниот дел темата на проектот ќе биде Марко.

**Форум**